**Жаклина Глигориевска**

*Zaklina Gligorievska*

# Жаклина Глигориевска

## *Zaklina Gligorievska*

**Место** - ***Place***

инсталација / амбиент

*installation / ambient*



Музеј на современата уметност, Скопје
ноември 2004

Museum of Contemporary Art, Skopje
November 2004

**Мира Гаќина:** *Во Музејот на град Скопје (1997) се претставивте со слики, две години подоцна (1999), во истиот музеј со објекти кои ја следеа површината на ѕидот. Во проектот со којшто се претставувате во Музејот на современата уметност - Скопје, објектите повеќе не се врзуваат за ѕидот, туку создаваат една конкретна просторна ситуација. Дали ова значи дека сосема го напуштате медиумот на сликата?*

**Жаклина Глигориевска:** Уште по завршувањето на Факултетот за ликовни уметности, ме интересираа нестандардните решенија на сликата, па како што забележувате сликата ја трансформирам во објект. Всушност, тоа е последователна постапка која ги следи моите идеи од дело во дело. Во последниов мој проект сликарската постапка и понатаму е присутна, но вклучувам и материјали кои не се сликарски (тул, сијалици во боја, плексиглас) за да ги изработам моите психолошки машини, што значи дека сликарството е вградено во моите дела, па и понатаму останува дел од моето интересирање.

**М.Г.:** *Историјата на симболизмот покажува дека сé може да поприми симболично значење: природните објекти или предметите што ги направил човекот, дури и апстрактните облици (бројките или триаголникот, квадратот, кругот). Всушност целиот космос е симбол. Во проектот "Место" го користите јазикот на симболите. Кои се тие и кое е нивното значење?*

**Ж.Г.:** Проектот "Место" изразен со јазикот на симболите, на публиката ѝ нуди гледање на делото на повеќе нивоа. Секоја личност изразувајќи го своето битие преку реализација на себе си минува низ циклусот на создавање. Така минува низ четирите планови на космичката егзистенција или четирите основни процеси во човечкиот дух кој е присутен во секоја негова активност. Симболите се појдовно средство од каде ликовните вибрации од едно ниво се пренесуваат на друго. Таков трансформатор е симболот. Тој потсетува на скалило кое води од пониско на повисоко ниво од каде имаме поширок видик на светот околу себе.
Првиот космички елемент - Воздух, го претставувам со симболот на кругот во сина боја. За да настане космичкиот елемент Воздух тој минува низ првата фаза на настанување на нештата во просторот и времето каде што мора да постои активен елемент или сила која ќе го движи, иницира процесот. Неговата главна карактеристика е придвижувањето или движењето. Тој процес преминува во вториот елемент - Оган, кој го претставувам со симболот на црвениот триаголник. Движењето оди до затоплување и појавување на топлина која има тенденција да се шири или таа ја претставува експанзијата на идејата. Во еден момент таа доаѓа до крајна можност на ширење во сите правци и преминува во собирање или контракција на можностите и влегува во една нова фаза карактеристична за елементот - Вода, кој го претставувам со симболот на полумесечината. Водата нема постојан облик, туку го зазема обликот во кој се наоѓа. Со процесот на згуснување Водата преминува во последната фаза на космичкиот елемент - Земја, која ја претставувам со симболот на жолтиот квадрат, чија главна карактеристика е цврстината или материјализацијата и остварувањето на првобитната идеја.

**М.Г.:** *За симболичкото е кажано дека е утопија која го укинува кодот на раздвоеноста, на раздвоените поими: ги укинува топосите на телото и душата, човекот и природата и во таа*







*смисла таа се поврзува со модерната уметност. Зошто, во ова време на деградираност и фрагментираност на сите вредности, овој метафизички импулс за артикулирање на целосни, заокружени "места" во Вашето дело?*

**Ж.Г.:** Во ова време на деградираност и фрагментираност на сите вредности како што забележувате, сакам на публиката да ѝ ја понудам идејата на моиве психолошки машини кои ќе го иницираат барањето и пронаоѓањето на место на кое телото најдобро се изразува, копајќи отвори во сопственото битие кое ќе стане спојница меѓу два света, помеѓу она горе и она долу и место на кое најдобро ќе се реализира себе си, затоа што по мое мислење уметноста треба во себе да содржи едукативни вредности, со што ќе дејствува на развитокот на човековата свест.

**М.Г.:** *Во Музејот на град Скопје се претставивте со две самостојни изложби. Соработувавте со познати ликовни критичари ( Борис Петковски, за првата и Емил Алексиев, за втората). Сега, за оваа изложба соработувате со Музејот на современата уметност. Што е поголем предизвик за Вас, соработка со значајни ликовни критичари или соработка со значајни ликовни институции?*

**Ж.Г.:** Не се врзувам, ниту за институции, ниту за ликовни критичари. За мене битен момент при изборот претставува просторот во кој ќе бидат изложени делата. Уште додека ги работам ги замислувам во даден простор во кој надобро ќе се вклопуваат. Соработката со ликовните критичари мислам дека треба да е од взаемен интерес и за авторот и за критичарот. Во даден момент авторот и критичарот се пронаоѓаат во зависност од проблемот на кој работат и едниот и другиот.





**Mira Gacina:** *You presented your paintings at the Museum of the City of Skopje in 1997 and two years later at the same museum, you exhibited objects that followed the surface of the wall. Now, your latest project at the Museum of Contemporary Art Skopje is exhibiting objects that are not related to the wall rather than create a particular space situation. Does it mean that you have completely abandoned the painting medium?*

**Zaklina Gligorievska:** I have been interested in non-standard solutions of painting since I graduated at the Faculty of Fine Art, and as you can see, I have transformed the painting into an object. Indeed, this is a procedure following my ideas from one to another work. The medium of painting is still existent in my latest project but I also include non-painting materials (tulle, coloured bulbs, plexiglas) to make my psychological machines. Painting is embedded in my works and remains a part of my interests.

**M.G.:** *History of symbolism has shown that everything can take on a symbolic meaning: physical objects or those made by man, and even abstract forms (numbers, or the triangle, square, circle etc.). Actually, the whole cosmos is a symbol. You are using the language of symbols in your project "Place." What are they and what is their meaning?*

**Z.G.:** "Place" expressed with the language of symbols offers the viewers an opportunity to look at the work on a few levels. Every person, expressing their being through the fulfillment of themselves, undergo the cycle of self-creation. In that way, they pass through the four plans of the cosmic existence, or four basic processes in the human spirit which is prevalent in each of their activities. Symbols are the starting vehicle from where art vibrations are transferred from one to another level. The symbol is such a transformer. It resembles a staircase leading from a lower to higher levels where one finds a more expanded view of the world around them.
I present the first cosmic element - Air, with the symbol of a blue-coloured circle. In order to become a cosmic element, Air passes through the first phase of bringing about things in space and time where there has to be an active element or force that moves, initiates the process. Its main feature is movement. That process is transferred to the second element - Fire, which I represent with the symbol of a red triangle. Movement goes to warming and the appearance of warmth that has tendency to spread, or it represents expansion of the idea. At a point, it comes to the final ability to spread in any direction and transfers into contraction of possibilities and enters a new phase typical for the element - Water, which I represent with the symbol of crescent. Water has no constant form; rather, it takes on the form of what it is contained in. By the process of condensing, Water moves to the final phase of the cosmic element - Earth, which I represent with the symbol of a yellow square. The main characteristic of this is hardness or materialization of material and fulfillment of the initial idea.

**M.G.:** *It has been said that the symbolic is Utopia that terminates the code of separation, of separated notions: it terminates the topics of the body and soul, man and nature and in that sense, it connects itself to modern art. At this time of degradation and fragmentation of all values, how have you come to this metaphysical impulse to articulate complete, encircled "places" in your work?*









**Z.G.:** At this time of degradation and fragmentation of all values, as you yourself have observed, I want to offer viewers the idea of my psychological machines that will initiate seeking and finding a place where the body expresses itself best, by digging holes in ones own being that will become a link between the two worlds, between what is up and down, a place where one can fulfill themselves best. This is because I think art should include education values, thus acting on the development of human consciousness.

**M.G.:** *You presented two solo shows at the Museum of the City of Skopje. You collaborated with renowned art critics such as Boris Petkovski, for the first show, and Emil Aleksiev, for the second one. You are collaborating with the Museum of Contemporary Art now. What is a greater challenge for you, collaboration with renowned art critics or major art institutions?*

**Z.G.:** I link myself neither to an institution nor art critic. An important point to me when I make a selection is the space where works will be displayed. Even when I work I think of the given area where they will fit to show off their best. Collaboration with art critics should be mutually beneficial for both the author and critic. An author and an art critic find each other at a given point depending on the problem both of them work on.









**Жаклина Глигориевска**

Родена на 4.11.1967 во Скопје. Дипломирала 1994 на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во класата на професорот Рубенс Корубин. Магистрирала 1999 на истиот факултет, отсек сликарство кај професорот Родољуб Анастасов. Работи како професор во Училиштето за применета уметност "Лазар Личеноски" во Скопје. Член на ДЛУМ од 1994.
Адреса: Вељко Влаховиќ 21/21, Скопје, тел: 3220-402

**Самостојни изложби:**
1994 Скопје, Галерија ДЛУМ
1997 Скопје, Музеј на град Скопје
1999 Скопје, Музеј на град Скопје, "Двојното"
2004 Скопје, Музеј на современата уметност, "Место"

**Групни изложби:**
1993
Скопје, Студентско Интернационално Арт Биенале, Музеј на современата уметност
Скопје, Наградени студенти, Галерија "Сули ан"
1994
Скопје, Дипломирани студенти 1993/94, Дом на АРМ
Скопје, Нови членови на ДЛУМ 1993/94, Салон ДЛУМ
1995
Скопје, IV Зимски салон, Уметничка галерија
1996
Скопје, V Зимски салон, Уметничка галерија
1997
Скопје, VI Зимски салон, Уметничка галерија
Скопје, Art Sity, Хавзи пашини конаци
1998
Скопје, I Мал формат, Ликовен салон ДЛУМ
Скопје, VII Зимски салон, Уметничка галерија
1999
Скопје, ДЛУМ-цртеж, Салон НУБ "Св Климент Охридски"
2000
Скопје, III Мал формат, Ликовен салон ДЛУМ
2001
Скопје, IV Мал формат, Ликовен салон ДЛУМ
Скопје, ДЛУМ-цртеж, Салон НУБ "Св.Климент Охридски"
2002
Скопје, ДЛУМ-цртеж, Салон НУБ "Св Климент Охридски"
Скопје, 49-та годишна изложба ДЛУМ, Музеј на град Скопје
2003
Горни Милановац (СЦГ), Меѓународно биенале на минијатури, Галерија завичајног музеја
Скопје, 50-та годишна изложба ДЛУМ, Музеј на град Скопје
2004
Скопје, ДЛУМ-цртеж, Салон НУБ "Св Климент Охридски"
Скопје, Добитници на наградата "Љубомир Белогаски" 1997-2004, Музеј на град Скопје
Скопје, Пејзаж, Ликовен салон на ДЛУМ
Штип, ДЛУМ-цртеж, Уметничка галерија "Безистен"

**Колониии :**
1994 Дојран, Ликовна колонија
Кратово, Ликовна колонија
1995 Струга, Ликовна колонија
1999 Куманово, Ликовна колонија
2000 Пловдив, Меѓународна ликовна колонија
2002 Прилеп, Интернационална сликарска колонија
2004 Галичник, Интернационална ликовна колонија

**Награди :**
1993 Скопје, Награда за најдобар студент на ФЛУ
2000 Скопје, Награда "Љубомир Белогаски" на МГС, за најуспешна самостојна изложба 1999 во Музејот на град Скопје

**Zaklina Gligorievska**

Born in Skopje on 4th November 1967. Graduated from the Faculty of Fine Art in Skopje in class of Rubens Korubin in 1994. The member of the Macedonian Artists Association (DLUM) since 1994. Took MA degree at the same faculty, painting major with Prof. Rodoljub Anastasov in 1999. Works as a teacher at Lazar Licenoski School of Applied Art in Skopje.Address: 21/21 Veljko Vlahovic, Skopje; Tel. 3220-402

**Solo exhibitions**:
1994 Skopje, DLUM Gallery
1997 Skopje, City of Skopje Museum
1999 Skopje, City of Skopje Museum, "The Double"
2004 Skopje, Museum of Contemporary Art, "Place."

**Group exhibitions**:
1993
Skopje, Student International Art Biennial, Museum of Modern Art
Skopje, Awarded Students, Suli-An Gallery
1994
Skopje, Graduates 1993/94, Army Centre
Skopje, New Members of DLUM 1993/94, DLUM Gallery
1995
Skopje, IV Winter Gallery, Art Gallery
1996
Skopje, V Winter Gallery, Art Gallery
1997
Skopje, VI Winter Gallery, Art Gallery
Skopje, Art City, Havzi Pashas Shelters
1998
Skopje, I Small Format, DLUM Art Gallery
Skopje, VII Winter Gallery, Art Gallery
1999
Skopje, DLUM Drawing, Sv. Kliment Ohridski National and University Library (NUB) Gallery
2000
Skopje, III Small Format, DLUM Art Gallery
2001
Skopje, IV Small Format, DLUM Art Gallery
Skopje, DLUM - Drawing, Sv. Kliment Ohridski NUB Gallery
2002
Skopje, DLUM- Drawing, Sv. Kliment Ohridski NUB Gallery
Skopje, 49th Annual Exhibition of DLUM, City of Skopje Museum
2003
Gornji Milanovac, Serbia and Montenegro, International Biennial of Miniatures, Galerija Zavicajnog Muzeja (Homeland Museum Gallery)
Skopje, 50th Annual Exhibition of DLUM, City of Skopje Museum
2004
Skopje, DLUM Drawing, Sv. Kliment Ohridski NUB Gallery
Stip, DLUM Drawing, Bezisten Art Gallery
Skopje, Winners of Ljubomir Belogaski Awards, 1997-2004, City of Skopje Museum
Skopje, Landscape, DLUM Art Gallery

**Colonies:**
1994 Dojran, Art Colony
Kratovo, Art Colony
1995 Struga, Art Colony
1999 Kumanovo, Art Colony,
2000 Plovdiv, Art Colony
2002 Prilep, International Painting Colony
2004 Galicnik, International Art Colony

**Awards:**
1993 Skopje, Best Student of the Faculty of Fine Art
2000 Skopje, Ljubomir Belogaski of the Museum of the City of Skopje, for the most successful exhibition at the Museum of the City of Skopje in 1999



Издавач: Музеј на современата уметност, Скопје
За издавачот: Емил Алексиев
Организација на изложбата и интервју: Мира Гаќина
Биографија и изложби: Марина Лешкова
Фотографии: Станко Неделковски
Превод на англиски: Мира Вељковиќ
Дизајн: Стефан Георгиевски
Печати: "Датапонс" , Скопје
Тираж: 500

Published by: Museum of Contemporary Art, Skopje
For the publisher: Emil Aleksiev
Organization and Interview: Mira Gacina
Photographs by: Stanko Nedelkovski
Translated by: Mira Veljkovic
Design: Stefan Georgievski
Printed by: "Datapons", Skopje
Edition of 500

Изложбата и каталогот се реализирани со финансиска поддршка од Министерството за култура на Република Македонија.
The Ministry of Culture of the Republic of Macedonia has financially supported the exhibition and the catalogue.

Изложбата ја помогнаа: "Фортуна" и "Датапонс"
The exhibition was supported by: "Fortuna" and "Datapons"

ISBN: 9989-703-67-1